# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од продолжението на Третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 декември 1998 год.

Седницата се одржа во големата сала на Владата на Република Македонија со почеток во 11,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше г-дин Саво Климовски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ.**

Почитувани пратеници,

Продолжуваме со работата на третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пред да го утврдиме дневниот ред, до мене стигна оставка од пратеникот Васил Тупурковски. Таа е кратка.

"Јас, Васил Тупурковски, пратеник во Собранието на Република Македонија, избран од листата на кандидати за пратениците на Демократска алтернатива, под реден број 1, во согласност со член 60 од Уставот на Република Македонија, поднесувам оставка на функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Подносител Васил Тупурковски".

Ние можеме да констатираме дека е поднесена оставката и јас ја молам Државната изборна комисија за наредната седница да го предложи наредниот кандидат од пропорционалната листа на Демократска алтернатива.

Ќе Ве молам, за денешнава седница, констатирам дека присуст-вуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноправно да одлучува.

За денешнава седница Ви беше предложен следниот дневен ред, и тој Ви го предлагам јас:

1. Верификација на мандатите на пратеници во Собранието на Република Македонија;

2. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата;

3. Предлог на закон за изменување на Законот за Владата на Република Македонија.

Ве молам, дали има некое дополнување на дневниот ред, некоја друга сугестија? (Нема) Ако нема, ве молам со кревање рака да го усвоиме дневниот ред.

(Пратениците креваат рака)

Благодарам.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (Нема)

Според тоа едногласно е усвоен дневниот ред.

Минуваме на точката еден верификација на мандатите на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Го молам, претседателот на Верификационата комисија да поднесе извештај.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа,

После изборот на Владата на Република Македонија на вчераш-ната седница дојде до поместување на пратеничкиот дел од пропорционал-ната листа од листата на ВМРО-ДПМНЕ и листата на ДА.

Разгледувајки го извештајот на Државната изборна комисија застанавме на становиште дека престанал мандатот на, сега да кажам, поранешните пратеници: Љупчо Георгиевски, Никола Кљусев, Доста Димовска, Борис Стојменов, Димитар Димитров, Стојан Богданов, Горѓи Наумов и Мартин Треневски од ВМРО-ДПМНЕ и на г-ѓа Радмила Кипријанова Радовановиќ од Демократската алтернатива.

Согласно на одредбите од Законот за избор на пратеници во случај на еден од пратениците од пропорционалната листа да му престане мандатот по било кој основ, за кандидат на преостанатиот мандат се избира како пратеник наредниот од пропорционалната листа.

Во овој случај, за листата на ВМРО-ДПМНЕ, се проширува на господата: Љупчо Јакимовски, Александар Флоровски, Александар Пандов, Ѓулистана Марковска, Горан Рафајловски, Михајло Ѓеоргиевски, Рубенс Наумовски, Воислав Стојановски и Алија Шахиќ.

Поради ова, на денешнава седница, Мандатната комисија дојде до заклучок дека треба да му се предложи на Собранието на сега предложените колеги да им се утврди мандатот, од причини сега што ги изнесов и во извештајот.

Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

(Не бара)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештајот и Предлогот на

Верификационата комисија.

Кој е за Извештајот и Предлогот, молам да крене рака? (109 пратеници).

Значи, за Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија гласаа 109 пратеници.

Дали е некој против предлогот? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Никој)

Според тоа констатирам дека Извештајот и Предлогот на Верификационата комисија се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатите на пратениците: Љупчо Јакимовски, Александар Флоровски, Александар Панодв, Ѓулистана Марковска, Горан Рафајловски, Михајло Ѓеоргиевски, Рубенс Наумовски, Воислав Стојановски и Алија Шакиќ.

Во мое и во Ваше име на идните наши колеги им го честитам изборот.

Минуваме на точката два предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за органите на управата.

Го молам предлагачот, г-динот Стојановски да земе збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од името на подносителите на овие два проекти, по консултација што ја извршивме помеѓу себе на денешниов ден, заклучивме дека има потреба за овие два закони да се расправа на наредната седница. Како би можеле ставовите да ги доградиме по однос, во согласност со Уставот и да добиеме мислење на Владата.

Поради тоа предлагам на денешнава седница да не се расправа по овие два закони што одат во пакет, бидејки зависат еден од друг.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, тогаш не ми преостанува ништо друго освен да ја прекинам седницата и дополнително ќе биде закажано продолжението на третава седница.Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 11,35 часот)